Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, по скратена постапка

Скопје, април 2016 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С О Б Р А Н И Е
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

| Примено: | 04. 04. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2003/1 | | |


ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ

Олга Најденовска [signature]

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/03, 66/07, 142/08, 146/09, 166/12, 101/15, 152/15 и 55/16) се уредуваат условите и постапката за добивање и престанок на право на азил на странец или лице без државјанство (во натамошниот текст: странец) кој бара признавање право на азил во Република Македонија, како и правата и должностите на барателите и лицата на кои им е признаено право на азил во Република Македонија.

Со овој Закон е регулирано и дека на членовите на потесното семејство на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, на нивно барање, може да им се признае право на азил. Во членот 8 регулирани се условите, начинот и постапката за стекнување на право на азил и за членовите на потесното семејство.

Со предложениот закон предвидуваме изменување и дополнувања во условите за стекнување на ова право со што дополнително ќе се прецизира постапката за признавање на правото на азил, а во светло на зголемениот обем на влез и транзитирање на лица низ територијата на Република Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основната цел која што се сака да се постигне со предложеното изменување и дополнување на Законот е допрецизирање на одредбите со јасни критериуми, процедури и услови во кои одредено лице ќе може да го оствари правото на азил и субсидијарна заштита во Република Македонија.

Исто така, предложените измени и дополнувања ја намалуваат можноста од злоупотреби, со задржување на отворениот и хуман пристап кон лицата на кои им е потребна помош и заштита.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Согласно членот 170 став (1) алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, се предлага Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита да се донесе по скратена постапка, бидејќи не станува збор за обемен и сложен закон.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита

Член 1

Во Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/03, 66/07, 142/08, 146/09, 166/12, 101/15, 152/15 и 55/16), во членот 8 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Принципот на семејно обединување на членовите на потесното семејство на признаен бегалец или лице под субсидијарна заштита може да се оствари по (3) три години од добивањето на правото на азил“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

По членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

“Член 10-а

Безбедна трета земја, држава членка на Европската Унија, држава членка на Северноатланска договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА)

Безбедна трета земја, држава членка на Европската Унија, држава членка на Северноатланска договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), е држава која ја ратификувала и ги применува одредбите од Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, вклучувајќи ги стандардите за ефективено правно средство, како и има воспоставена постапка за азил пропишана со Закон и во согласност со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година.

При примената на институтот безбедна трета земја, држава членка на Европската Унија, државата членка на Северноатланската договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), барањето се разгледува поединечно, при што се проценува дали земјата ги исполнува условите од ставот 1 на овој член.

Барањето за признавање право на азил, поднесено од страна на барател кој бара да влезе или незаконски влегол на територијата на Република Македонија, од безбедна трета земја, држава членка на Европската Унија, држава членка на Северноатланска договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), ќе се смета за очигледно неосновано барање во согласност со член

35 од овој Закон, земајќи го во предвид принципот на невраќање од член 7 од овој Закон.

Барателот на право на азил благовремено ќе биде информиран за примена на институтит безбедна трета земја, држава членка на Европската Унија, држава членка на Северноатланска договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), како и можноста за употреба на правно средство.

Секторот за азил на барателот чие барање се смета очигледно неосновано, согласно член 35 од овој Закон, ќе му издаде потврда на јазикот на безбедната трета земја, држава членка на Европската Унија, членка на Северноатланската договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), од каде што доаѓа, со која се информираат државните органи на третата земја, дека во Република Македонија барањето не е суштински разгледувано“.

Член 3

Во членот 18 став 3 по зборот „три“ се додава зборот „работни“.

Член 4

Во членот 35 став 1 во алинејата 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 5 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„-ако лицето пристигнало од Безбедна трета земја, држава членка на Европската Унија или држава членка на Северноатланската договорна организација (НАТО), во согласност со член 10-а на овој закон.“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Во членот 1 од Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита се предвидува дополнување со нов став на членот 8 со што ќе се предвидат измени во условите, начинот и постапката за стекнување на право на азил и за членовите на потесното семејство. Со членот 2 се предвидува додавање на нов член 10-а со кој се врши допрецизирање на дефеницијата за терминот безбедна трета земја односно земја која е членка на Европската Унија, земја која е членка на Северноатланската договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА). Со членот 3 се врши допрецизирање на одредбата во членот 18 став 1 од Законот. Со членот 4 се предвидува додавање на нова алинеја 6 со која се врши усогласување со новиот член 10-а од овој Предлог-закон. Со членот 5 е уредено влегувањето во сила на овој Предлог-закон.

Со ова изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита ќе се допринесе прецизирање на постапките во однос на новонастанатата состојба со зголемениот обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното изменување и дополнување на Законот ќе се допринесе за јасни критериуми, процедури и услови во кои одредено лице ќе може да го оствари правото на азил и субсидијарна заштита во Република Македонија. Исто така, предложените измени и дополнувања ја намалуваат можноста од злоупотреби, со задржување на отворениот и хуман пристап кон лицата на кои им е потребна помош и заштита.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ
ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР.49/03, 66/07, 142/08, 146/09, 166/12, 101/15, 152/15 И 55/16), ШТО СЕ МЕНУВААТ

Семејно обединување

Член 8

На членовите на потесното семејство на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, на нивно барање, ќе им се признае право на азил. За членови на потесното семејство, во смисла на став 1 од овој член, се сметаат брачниот другар, доколку бракот бил склучен пред доаѓањето во Република Македонија и малолетните деца кои не се во брак, како и родителите на малолетните деца доколку малолетните деца се стекнале со право на азил. Принципот на семејно обединување од став 1 на овој член нема да се применува ако:

- постојат причините за исклучување од член 6 на овој закон и
- лицата од став 2 на овој член се државјани на друга држава која може да им даде заштита.

Начин на поднесување барање за признавање право на азил

Член18

Барањето за признавање право на азил се поднесува писмено или усно на записник, на македонски јазик, или ако тоа не е можно, на јазикот на земјата на потекло, на некој од пошироко прифатените странски јазици или на јазик за кој може разумно да се претпостави дека барателот на право на азил го разбира.

При поднесување на барањето за признавање право на азил, барателот на азил се фотографира и му се земаат отпечатоци од прсти.

По поднесувањето на барањето за азил, Одделението за азил во рок од три дена ќе му издаде потврда на барателот на право на азил со печат, број и датум на поднесувањето, со која се потврдува статусот на барателот на азил и се докажува дека на барателот на азил му е дозволено да остане на територијата на Република Македонија додека трае постапката по неговото барање за признавање на право на азил.

Одделението за азил во Министерството за внатрешни работи ќе ги извести во писмена форма и усно барателите на право на азил на јазик за кој може разумно да се претпостави дека го разбираат и во рок не подолг од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за признавање право на азил за начинот на спроведување на постапката за признавање право на азил, за

правата и обврските на барателите на право на азил во таа постапка, за можните последици доколку не се придржуваат до нивните обврски и не соработуваат со надлежните органи, како и во врска со условите за прифаќање правото на правна помош, како и правото да контактираат со лица кои даваат правна помош, претставници на Високиот комесаријат за бегалци и невладини хуманитарни организации, во сите фази од постапката и каде и да се наоѓаат барателите на право на азил.

Очигледно неосновани барања

Член 35

Барањето за признавање право на азил се смета дека е очигледно неосновано ако:

- нема основа во тврдењето за страв од прогон, бидејќи барањето не е поднесено поради причините утврдени со овој закон, туку поради можност за вработување и подобри услови за живот или кога барателот не дава никакви податоци дека би бил изложен на прогон или кога неговите тврдења се невозможни или противречни;
- барањето се заснова на смислена измама или злоупотреба на постапката за признавање право на азил;
- лицето пристигнало од безбедна земја на потекло, освен ако докаже дека земјата на потекло не е безбедна за него;
- лицето пристигнало од трета безбедна земја, каде што можело да бара признавање право на азил, освен ако докаже дека третата земја не е безбедна за него и
- лицето пристигнато од безбедна земја на потекло, која е држава членка на Европската унија, освен ако докаже дека земјата на потекло не е безбедна за него.

Барателот на право на азил извршува смислено дело на измама и злоупотреба на постапката за признавање право на азил согласно со став 1 алинеја 2 на овој член, во случај ако:

- без разумно објаснување, смислено дава невистинити изјави во неговото барање за признавање право на азил, усно или во писмена форма, а тие изјави се од суштествена природа и значење за определување на неговиот статус на признаен бегалец;
- без разумно објаснување, го засновал своето барање врз лажен идентитет или врз фалсификувани исправи, за кои тврди дека се автентични;
- намерно уништува, оштетува или крие патна исправа, друг документ или доказ од значење за постапката, со цел да го попречи текот на постапката и да ги доведе во заблуда органите за признавање право на азил во врска со неговиот идентитет;
- барањето за признавање право на азил е поднесено со цел да се спречи извршувањето на одлуката за протерување од територијата на Република

Македонија, а барателот имал доволно можност претходно да бара признавање право на азил;

- барањето за признавање право на азил на лицето му било одбиено во друга земја, по испитување на суштината на барањето, во постапка што содржела соодветни процедурални гаранции, во согласност со Конвенцијата од член 2 алинеја 1 на овој закон и
- има добиено право на азил во друга земја и продолжува да ја ужива заштитата на таа земја.